Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
Детска градинка „7 Септември“
Бр 04-199/3
27 05 2025 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 30 став 1 алинеа 2, 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16 и 11/18)и ,,Службен весник на република Северна Македонија,, бр.275/19,14,20,215,21 и 99/22 и 208/24) и Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 259/24 ), ВД Директорот на ОЈУДГ„7 Септември“-Пехчево објавува :

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.01/2025

Се распишува интерен оглас за унапредување на 2(два) административни службеници за следните работни места:

01. **Шифра: ДЕЗ 0102 В01 002**
**Звање и назив на работното место:**Советник-сметководител-1(еден) извршител.
**Назив на сектор:**Административна служба и помошно технички персонал,Административен оддел
**Број на извршители**:1(еден) извршител.

**Посебни услови** :

- Стручни квалификации за нивото В1 ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен-Економски науки

- работно искуство: и тоа најмалку 3 години работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место.

**Распоред на работно време:**

Работни денови: од понеделник до петок;

Работни часови неделно:40;

Работно време од 7:00 до 15:00;

Паричен нето износ на плата: 36.383,00 денари.

02.**Шифра: ДЕЗ 0102 Г01 009**

**Звање и назив на работното место:** Самостоен референт-архивар-1(еден) извршител.
**Назив на сектор:**Административна служба и помошно технички персонал,Административен оддел
Број на извршители:1(еден) извршител.

**Посебни услови :**

-Стручни квалификации за нивото Г ниво на стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование (економско, правно, гимназија).

-работно искуство и тоа најмалку 3 години работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски) и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место.

**Распоред на работно време:**

Работни денови: од понеделник до петок;

Работни часови неделно:40;

Работно време од 7:00 до 15:00;

Паричен нето износ на плата: 27.832,00 денари.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

-Да е државјанин на Република Северна Македонија;

-Активно да го користи македонскиот јазик:

-Да е полнолетен;

-Да има општа здравствена способност за работното место;

-Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

На интерниот оглас може да се пријават административни службеници вработени во ОЈУДГ„7 Септември“-Пехчево кои ги исполнуваат општите и посебни услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво со Закон за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Установата при што треба да ги исполнуват и следните услови:

Да е оценет со оценка А или Б при последно оценување;

-Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-Да поминал најмалку две години на тековното работно место и

-Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите потребно е да поднест пријава на службената електронска адреса на ОЈУДГ„7 Септември“-Пехчево и пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на ОЈУДГ„7 Септември“-Пехчево до управување со човечки ресурси-detskagradinkapehcevo@yahoo.com.

Кандидатот, пријавата со потребните документи треба да ја достави во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас,во хартиена форма преку архивата.

Кон Пријавата кандидатот може да ги приложи:

-Потврди за успешно реализирани обуки и /или Обуки како посетител на обука;

Во пријавата кандидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оргиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од понатамошната постапка по овој оглас.

ОЈУДГ„7 Септември“-Пехчево

**ВД Д И Р Е К Т О Р,**
**Гордана Вазлиска**

Вазлиска

Република Северна Македонија Општинска јавна установа за деца Детска градинка „7 Септември“ Пехчево

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА**

**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ОЈУДГ„7 СЕПТЕМВРИ"ПЕХЧЕВО**

1.Податоци за огласот:

- Број/дата на интерен оглас ____________________________
- Реден број на работно место за кое се пријавува ____________________________
- шифра и назив на работно место ----------------------------------------

2.Лични податоци за кандидатот:

-Име ____________________________

-Презиме ____________________________

-Тековно работно место ____________________________

-Вработен во Сектор/Одделение ____________________________

-Контакт телефон ____________________________

3.Податоци за исполнување на посебните услови:

-Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС,

IV, VI, VII/1, VA 60-120 кр.,VI А-240 кр., VI Б-180 кр.

Вид на образование:

-Образование институција ____________________________

-Насока ____________________________

-Датум и број на диплома ____________________________

-Податоци за работното искуство _________години, _________месеци.

4.Податоци за последното оценување пред објавување на интерниот оглас

____________________________

5.Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас

____________________________

6.Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас ____________________________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образец за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ке достави докази, во оригинал или копија заверена кај нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Дата на поднесување:

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВАТА

____________________________